# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

По барање на "К&К КОНСТРАКШН" ДОО Штип, ДПТУ "МОНОЛИТ ГРУП" ДОО ШТИП ќе изработи Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште на КП.8306 во "Бело брдо" (Населба Пролет) Општина Штип.

Површината на планскиот опфат изнесува 2800м2. Планскиот опфат претставува изградено земјиште.

Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште се изработува заради потребата како и според ДУП (е предвидено проширување и давање на поголемо значење на "Летна Бавча" и проширување на функцијата) се налага потреба од повеќе паркинг места и заради тоа се предвидуваат подземни содржини односно паркинг надвор од градежната линија во рамки на градежната парцела.

Со истиот ќе се задоволат потребните дополнителни паркинг места за веќе изградениот објект, на делот каде што е предвиден партерниот концепт, а со нивното позиционирање под земја би се оставило слободен просторот над земја за хортикултурно уредување на истиот.

На опфатот кој е предвиден за разработка постои потребната инфраструктура, доколку со основниот проект се утврдат дополнителни водови да се обезбедат истите.

"К&К КОНСТРАКШН" ДОО Штип